LACTALIS MK MLEKARNICA

Советува!

# Успешно телење и грижа за новородени телиња (втор дел)

## 2. Грижа за новородени телиња

Откако успешно ќе го извадите телето, не сметајте дека телењето е завршено. Иднината на телето зависи од минутите и часовите што следат.

## Грижа за телето после раѓањето

- Следете го почетокот на дишењето: редовни движења на градниот кош.
  Следете го однесувањето на телето, кое треба да ја крене главата за 1 до 2 минути.
- Истурете ладна вода на вратот: телето треба да ја протресе главата.
- Дишењето е бавно на почетокот:
  1. Обесете го телето наопаку за да се олесни исфрлањето на слузта
     **ВНИМАНИЕ:** не повеќе од една до две минути
  2. Стимулирајте го респираторниот рефлекс:
     - скокоткање на носната слузница со сламка
     - вежбање движења во форма на педали со предните нозе
     - влечење на јазикот
     - Користење на кардио-респираторни аналептици:
       Dopram (Doxapram hydrochloride)
       Респиратор (интраназален или интравенски пат)
- Избегнувајте ладење на телето: со ниски резерви на енергија, телесната температура може брзо да падне. Мајката нека го лиже телето, во спротивно енергично трујте го со слама. Ставете го на густ слој од чиста слама. Доколку е потребно, под ламба за топлина.

## Аноксија

Телето може да има еден или повеќе од следниве симптоми во часовите по раѓањето:

- Лежење
- Неконтролирано движење во форма на педали
- Абнормално држење на главата: свиткана или поставена наназад, неконтролирано вртење на вратот (телето ја мава главата од подот)
- Тешкотии да застане, некоординирани чекори
- Отсуство на цицачки рефлекс

Недостаток на оксигенација на мозокот како резултат на долго или тешко телење = неонатална аноксија.

**Третман во случај на аноксија:**

- Применете церебромуларни оксигенатори: Candilat; Mederantil
- Раствори за перфузија базирани на гликоза и натриум бикарбонат (или прекурсори на бикарбонати)
- Борете се против хипотермија (< 39 °C)
- Хранете го телето со езофагеална цевка



**Лацталис МК Млекарница ДООЕЛ,**
Индустриска бб, 7000 Битола, Северна Македонија

## Дезинфекција на папочната врвца



**Зошто?**
Природната рана на папокот претставува отвор за инвазија на микробите од околината.
Папокот цврсто се затвора само по **24 до 48 часа**.

**24-48 часа** – Папокот се затвора
**4-6 дена** – Папокот се суши
**10-12 дена** – Папокот паѓа

**Ризиците од лош развој на цикатризацијата се:**

- Локализирана надворешна инфекција: апсцес на папочната врвца. Папокот е отечен, црвен, боли, гнои.
- Растечка инфекција предизвикана од миграција на микробите: апсцес на црниот дроб, перитонитис, цистит (апцес и инфекција на мочниот меур), артритис со навлегување на микробите во крвта.

**Како?**

- Интервенирајте што е можно поскоро
- Отстранете ја преостанатата крв од папочната кеса (по чистење и дезинфекција на рацете на операторот)
- Потопете го целиот папочен систем во чаша што содржи раствор за дезинфекција: јод, vetedin, nutombyl
- Повторете ја операцијата наутро и навечер минимум за време на 48 часа
- Чувајте го телето на чисто легло

**КОЛОСТРУМ ЗА ДОБРА ЗАШТИТА**

- Теле: брутална транзиција помеѓу 2 средини

Телото се раѓа без средства за одбрана против околните микроби. Неговите енергетски резерви се многу мали. Антителата во крвта на телето мора да се зголемат многу брзо. Цревната пропустливост на антителата во колострум трае само неколку часа.

- Колострум: златните правила

**Квалитетен колострум е:**

- Прво молзење со густ изглед, налик на сируп
- Со ниво на глобулини (антитела) поголемо од 100 mg/ml (користете скала на колострум)
- Богат со енергија, протеини и витамини (особено витамин А)



- **Да се администрира колострум што е можно поскоро по раѓањето и во доволна количина:**
  **2 литри колострум во рок од 2 часа по породувањето**
- **Потоа поделете ја количината на неколку пати, така што телето да пие 4 до 5 литри во првите 24 часа.**

# Факти за Лакталис

- Основана во 1933 година од Андре Бение во Лавал, низ три генерации, Групацијата Лакталис остана верна на својата првична заложба за преработка на млеко.
- Денес е глобален лидер во млечната индустрија.
- Број еден производител на сирење во светот.
- Европски лидер во рамките на потрошувачката на млеко и на пазарите на путер и млечни намази.
- Располага со 250 производствени погони во 50 земји ширум светот.
- Вработува 80.000 луѓе во 94 земји ширум светот.
- Остварува годишен промет од 18,5 милијарди евра.
- Лакталис МК Млекарница станува дел од големото светско семејство Лакталис во 2007 година.
- Еден од главните двигатели на развојот на групацијата Лакталис се млекопроизводителите чија иднина е сигурна преку растот на Лакталис.
- Главните одговорности на одделот за сурово млеко во склоп на Лакталис е оптимизирање на рутите за собирање на млеко и обезбедување на врвен квалитет на сурово млеко кое е здраво и хранливо.
- Одделот за сурово млеко на Лакталис посветено работи кон едукација на млекопроизводителите за употреба на современи и проверени практики со цел добивање на повисок квалитет и количина на млеко.

**Оддел за сурово млеко:**
047 208 900 | 078 239 123

www.lactalismk.mk